CORE
Metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
Provided by UGD Academic Repository

УДК 93/99 ISSN 0583-4961

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

# ГЛАСНИК

ГЛАСНИК год. 60 бр. 1 стр. 1-336 Скопје 2016

## СОДРЖИНА – TABLE OF CONTENTS

### СТАТИИ - ARTICLES

*Драган Зајковски:* По повод 1100 години од упокојувањето на Свети Климент Охридски ........ 9
*Dragan Zajkovski:* Dedicated to the 1100th Anniversary of the Death of Saint Clement of Ohrid ........ 9

*Војислав Саракински:* Филхелен и сојузот: Александар I, Атина и првите искри на северот ........ 13
*Vojislav Sarakinski:* The Philhellene and the League: Alexander I, Athens and the first Sparks in the North ........ 13

*Јасминка Кузмановска:* Неколку забелешки за топонимите Касандреја и Артемисион ........ 27
*Jasminka Kuzmanovska:* Few Remarks on the Toponyms Kassandreia and Artemision ........ 27

*Драган Зајковски:* Ранохристијанските црковни функции апостол, пророк и учител: меѓу харизмата и прагматизмот ........ 37
*Dragan Zajkovski:* Early Christian Church Functions of Apostle, Prophet and Teacher: between Charisma and Pragmatism ........ 37

*Стефан Пановски, Дарко Стојанов:* Кога митот и историјата се среќаваат: Getica 10.65-66 ........ 47
*Stefan Panovski, Darko Stojanov:* When Myth and History converge: Getica 10.65-66 ........ 47

*Драган Веселинов, Трајче Нацев:* Одбранбени елементи кај Доцноантичките утврдувања во Брегалничкиот басен ........ 71
*Dragan Veselinov, Trajce Nacev:* Defence Elements on late Antique Fortifications in the Bregalnica Basin ........ 71

*Драган Ѓалевски:* Трансформацијата на Византискиот воен систем на Балканот (VII – IX век) ........ 81
*Dragan Ǧalevski:* Transformation of the Byzantine military System in the Balkans (VII-IX century) ........ 81

*Љубица Станковска:* Кон прашањето за втората Климентова црква во Охрид ... 97
*Ljubica Stankovska:* The issue of the second Church of Clement in Ohrid ......... 97

*Александар Атанасовски:* Врските помеѓу Македонија и Дукља во Средниот век ........................................................................................................ 111
*Aleksandar Atanasovski:* Relations between Macedonia and Duklja in the Middle Ages ........................................................................................................ 111

*Владимир Јанев:* Даночните обврски и задолженија на Евреите во Македонија (1700–1912) ........................................................................................... 123
*Vladimir Janev:* Tax Obligations of Jews in Macedonia (1700 - 1912) ............... 123

*Рахман Адеми:* Изградба на телеграфски линии во Македонија во времето на Абдулхамид Втори: линијата Дебар – Рекалар (Жировница) ................... 137
*Rahman Ademi:* Construction of Telegraph Lines in Macedonia during the Rule of Abdulhamid II: Line Debar - Rekalar (Zirovnica) ................................... 137

*Силвана Сидоровска-Чуповска:* Споровите меѓу Српската и Бугарската пропаганда за црквите и училиштата во Дебарско-Кичевската митрополија .. 149
*Silvana Sidorovska-Čupovska:* Confrontation between Serbian and Bulgarian Propaganda for Churches and Schools in Diocesse of Debar i Kicevo ........... 149

*Димитар Љоровски Вамваковски:* Грчката „Македонска борба“ (1904–1908): Општи карактеристики ........................................................................ 159
Dimitar Ljorovski – Vamvakovski: The Greek “Macedonian Struggle” (1904–1908): Main Characteristics ........................................................................ 159

*Македонка Митрова:* Територијалното проширување на Кралството Србија низ призмата на Александар Белиќ: Србите и Бугарите во Балканскиот Сојуз и во меѓусебната војна ...................................................................... 175
*Makedonka Mitrova:* Kingdom of Serbia’s territorial Expansion seen through Aleksandar Belic Prism : the Serbians and the Bulgarians in the Balkan Alliance and at War with each other ..................................................................... 175

*Габриела Топузовска:* Осврт на животот и делото на Анастас Коцарев (1889-1931) ........................................................................................... 191
*Gabriela Topuzovska:* Review of the Life and Work of Anastas Kocarev (1889-1931) ........................................................................................... 191

*Верица Јосимовска:* Руските имигранти и културните настани во Штип во периодот 1923 – 1927 година ........................................................................ 199
*Verica Josimovska:* Russian Immigrants and cultural Events in Stip between 1923 - 1927 ........................................................................................................ 199

*Александар Манојловски:* Еврејската верска општина во Скопје и прашањето за депортираните Евреи од Македонија ................................................... 209
*Aleksandar Manojlovski:* The Jewish religious Community in Skopje and the Question for deported Jews from Macedonia ........................................................... 209

*Стојко Стојков:* Концепции за решавање на Македонското прашање на страните на весникот Пиринско дело (1945 – 1947) ................................... 225
*Stojko Stojkov:* Conceptions for resolving Macedonian Question on the Pages of Newspaper "Pirin Cause" ..................................................................... 225

*Борче Илиевски:* Улогата на Топличкиот епископ Доситеј во разрешување на Македонското црковно прашање 1951 – 1958 година: Прилог кон биографијата на поглаварот на Македонската Православна црква по повод 110 години од раѓањето ..................................................................... 249
*Borce Ilievski:* The Role of the Toplica Bishop Dositej in resolving the Macedonian Church Issue 1951 – 1958 (appendix to the Biography of the Macedonian Orthodox Church Pontiff regarding 110 Years from his Date of Birth)" ...... 249

*Јован Јоновски:* Сонцето на општинските знамиња во Република Македонија .. 267
*Jovan Jonovski:* The Sun on municipal Flags in the Republic of Macedonia ..... 267

## МАТЕРИЈАЛИ - PAPERS

*Александар Симоновски:* Пресуда на Окружниот суд во Скопје против Миливој Трбиќ-Војче и други лица (13 јуни 1947 година) .................................. 277
*Aleksandar Simonovski:* Judgement of the District Court in Skopje against Milivoj Trbic-Vojce and others (13 june 1947) ....................................................... 277

*Невен Радичевски:* Положбата на приврзаниците на резолуцијата на Информативното биро во СР Македонија според известието на Управата за државна безбедност од 1964 година .................................................... 289
*Neven Radicevski:* The Status of the supporters of Cominform Resolution in SR Macedonia according to the Report from State Security Administration from Year of 1964 ......................................................................................... 289

## РЕЦЕНЗИИ – ПРИКАЗИ - REVIEWS - SURVESYS

*Лидија Кумбараџи Богојевиќ*, Османлиски споменици во Скопје, Второ дополнето издание, Скопје 2014. (*Милка Здравева*) ........................ 295
*Lydia Kumbardzhi Bogojevic*, Ottoman Monuments in Skopje, Second expanded Edition, 2014 Skopje. (*Milka Zdraveva*) .......................... 295

Македонија – Полска: Историја, култура, јазик, литература, медиуми, Скопје: Институт за национална историја, 2015, 234. (*Невен Радически*) ........... 300
Macedonia – Poland: History, Culture, Language, Literature, Media Institute of National History, Skopje, 2015 (*Neven Radiceski*) ................. 300

*Натали Клејер*, Кон потеклото на албанскиот национализам: раѓањето на една мнозинско муслиманска нација во Европа, Скопје: ФООМ 2015, 718. (*Петар Тодоров*) .......................................................................... 303
*Nathalie Clayer*, On the Origin of Albanian Nationalism: The Birth of a Nation of Muslim Majority in Europe Skopje, FOSM 2015, 718. (*Petar Todorov*) ..... 303

*Драгица Поповска*, Спомeникот, меморијата и идентитетот, Институт за национална историја, Скопје, 2015; 211. (*Теон Џинго*) ....................... 307
Dr*agica Popovska*, Monument, Memory and Identity, Institute of National History, Skopje 2015; 211. (*Theon Jingo*) ............................................................ 307

*Музафер Бислими*, Границата на Албанија и прашањето за манастирот Св.Наум: 1912 – 1925 (документи), Скопје, Институт за национална историја, 2015, 208. (*Јетон Доко*) ..................................................................... 308
*Muzafer Bislimi*, Kufiri me shqipërinë dhe cështja e Shën Naumit: 1912 – 1925 (dokumente) Shkup, Instituti për histori nacionale, 2015, 208. (*Jeton Doko*) ........................................................................................ 308

## СООПШТЕНИЈА - ANNOUNCEMENTS

Меѓународна научна конференција: „Македонија и Полска во модернизациските процеси во XIX – XXI век: историја – политика – јазик – култура – литература“ (Скопје, 26 – 27 мај 2015 година) (*Марјан Иваноски*) ........... 311
“Macedonia and Poland in modernization Processes in XIX - XXI century : History - Politics - Language - Culture - Literature”(*Marjan Ivanoski*) ........................ 311

Научна трибина: Одбележување на 1000 години од смртта – убиството на цар Гаврило Радомир (*Драган Зајковски*) .................................................. 313
A scientific Debate Celebration of 1000 Years of Death – Murder of King Gavrilo Radomir (*Dragan Zajkovski*) ...................................................................... 313

БИБЛИОГРАФИЈА - BIBLIOGRAPHY

*Соња Стрезоска Велјановска*: Минатото на Македонија низ призмата на странски автори (Библиографски податоци објавени во странство во 2010 година) ........................................ 315

*Sonja Strezovska Veljanovska*: Past of Macedonia through the Prism of foreign Authors (Bibliographic Data published Abroad in 2010) ........................................ 315

ГЛАСНИК 60 1 2016 ISSN 0583-4961

СТАТИИ

УДК 904:623.1(497.73)"652"

# ОДБРАНБЕНИ ЕЛЕМЕНТИ КАЈ ДОЦНОАНТИЧКИТЕ УТВРДУВАЊА ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ БАСЕН

*Драган Веселинов*

Научен соработник на Универзитетот „Евро Балкан" – Скопје

*Трајче Нацев*

Виш научен соработник на Институтот за историја и археологија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Abstract

In the Late Antiquity in Bregalnica Basin settlements were fortified for defense and protection from enemy attacks. Some of them were a newly built fortifications, while others have been renewed during this period. They all had defensive elements that enabled more effective defense and protection of people and material goods.

*Keywords:* defense elements, fortifications, Late Antiquity, Bregalnica Basin.

По хаосот кој владеел во Римското Царство (од 235 до 284 г.) како резултат на внатрешните воено-политички превирања и нападите на варварските племиња настапува период на обнова. Таа започнала да се спроведува во времето на Диоклецијан каде со големи реформи дошло до подобрување во секој сегмент на материјалното и духовното творење. Во периодот од 4 до 6 век кај населените места биле забележани разни иновации, во нивните изградби се користеле нови градежни техники, а исто така се појавиле и нови фортификациски елементи. Секако дека сето ова било присутно и во Брегалничкиот басен кој претставувал дел од тогашните европски провинции на Царството.

Во доцноантичкиот период во Брегалничкиот басен имало четири видови на утврдени места: castelum гратчиња (oppidum), castelum стражи (speculae), збегови (refugia) и утврдени села (vici murati).[1] Првите две претставувале воени утврдувања, додека пак останатите утврдувања биле цивилни.

[1] Иван Микулчиќ, Доцноантички фортификации, *Археолошка карта на Р. Македонија*, *Т. I*, Скопје, 1994, 139–145; Иван Микулчиќ, *Акнтички градови во Македонија,* кн.8, Скопје, 1999, 189–209.

Castelum гратчињата (oppidum) се граделе по однапред одреден план и како урбанизирани места се простирале на површина од 1,5 до 2 хектари кај помалите односно од 4 до 6 хектари кај поголемите утврдувања.

Како помали или многу мали утврдувања castelum стражите (speculae) имале доминантни позиции и биле поставувани покрај некој премин, граница, рудници или пак влегувале во системот на одбрана на поголемите утврдувања.

Збеговите (refugia) се градени на скриени места на зафрлени и тешко пристапни терени најчесто во ридестите и планинските предели. Тие се користеле повремено во случај на напад, за многу подоцна и да бидат постојано населени. Нивната големина се движела околу 1 хектар.

На мали возвишенија во питомите долини се наоѓале утврдените села (vici murati). Ова утврдување зафаќало површина од околу 2–3 хектари, било лесно пристапно и опкружено со обработлива површина.

Во суштина кастелите и рефугиите во доцната антика станале основна форма на безбедно населено место каде најзначајните од нив добиле и урбани обележја.[2] За изградба на утврдувањата во Брегалничкиот басен во овој период се користеле следните техники: opus caementicum (во темелната основа или субструкцијата), opus incertum (суперструкција) и opus emplecton техника која се јавува во јадрото на ѕидот, со залевање на ситен камен со топол варов малтер.[3]

Кај доцноантичките утврдувања од овој басен како одбранбени елементи се сретнувале: одбранбен ѕид, куртина, кули, протеихизмата, порти, пропугнакулум, скали, ниши, ров (фоса) и акропола.[4]

Одбранбениот ѕид кој претставувал една затворена целина го опкружувал местото кое се утврдува овозможувајќи сигурност на луѓето и материјалните добра во неговата внатрешност. Неговата височина и широчина зависела од видот на утврдувањата.

Растојанието меѓу две кули ја претставувало куртината. И нејзината височина и широчина исто така зависела од видот на утврдувањата, но била доволна за да даде сигурност на бранителите во него. Се состоела од темелна основа (субструкција) и ѕидно платно (суперструкција).

Како одбранбен елемент кулите имале функција да ги зајакнат обѕидијата на утврдувањето поточно да ја осигураат заштитата на портите и куртините. Тие биле издадени надвор од линијата на одбранбените ѕидови, а растојанието меѓу две кули се движело од 45–60 м кое одговарало на просечниот дострел на стрелите. На тој начин можело да се покрие целото обѕидие. Кулите кај утврдувањата во Брегалничкиот басен главно имале четвртеста основа, но имало и такви кои биле кружни.

---

[2] Ivan Mikulčić, „Kasnoanticka utvrdjenja u S. R. Makedoniji – Pokušaj klasifikacije“, *Odbrambeni sistemi u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije*, Savez arheoloških društva Jugoslavije, Arheološko društvo Vojvodine (referati XII kongresa arheologa Jugoslavije Novi Sad 1984 g.), Novi Sad 1986,103.

[3] Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот басен*, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип, Штип, 2013, 60.

[4] Иван Микулчиќ, *Антички градови ...*, 242; Трајче Нацев, *Доцноантичкиот град Баргала*, Штип, 2008.

За задржување на напаѓачите на одредено растојание, пред ѕидовите се подигала протеихизма. Таа претставувала класичен ѕид граден од кршен камен со малтер, кој бил послаб и потесен од главното обѕидие. Растојанието меѓу протеихизмата и главното обѕидие се движело од 8 до 21 м во зависност од видот на утврдувањето.[5] Овој одбранбен елемент исто така овозможувал заштита на темелите на кулите што биле издадени пред линијата на куртината.

Портите овозможувале влегување и излегување кај утврдувањата. Биле бранети со една или две кули. Бранењето со две кули е карактеристично за поголемите утврдувања, додека кај помалите портите најчесто се со една кула.

Просторот меѓу две порти распоредени една зад друга се нарекува пропугнакулум. Просторот меѓу двете внатрешни порти поставени во одбранбениот ѕид се нарекува внатрешен, а просторот меѓу портата на обѕидието пред бедемот и главната порта се нарекува надворешен пропугнакулум (Пл.1). Тој имал за цел да го спречи непријателското преминување низ портите.

Искачувањето на бранителите на платформата на одбранбениот ѕид се изведувало со помош на скали. Тие се граделе припиени или вовлечени на неговото внатрешно лице.

Нишите биле градени за скалите кои воделе до платформата на куртината. Покрај ова нишите исто така служеле за заштита на стражата и за чување на оружјето.

За задржување и отежнување на непријателските напади ровот претставувал ефикасен одбранбен елемент. Тој бил копан на тој начин што ја следел линијата на одбранбениот ѕид.

Акрополата се наоѓала на највисокиот дел во утврдувањата. Во неа биле сместени командата на војската, храна, цистерни за вода и оружје. Во случај на освојување на останатиот простор во утврдувањето од страна на непријателот, тогаш акрополата служела и како последно засолниште на бранителите. Таа од останатиот дел на утврдувањето била одделена од внатрешната страна со еден преграден ѕид зајакнат со кули.[6]

Присутноста на одбранбените елементи кај едно утврдување пред сѐ зависела од неговата големина, значење, местоположба, време на изградба и карактеристики на почвата на кое е изградено. Во одреден дел од доцната антика утврдувањата ја менувале својата форма и позиција. Тоа посебно било изразено за време на владеењето на Диоклецијан и Константин кога тие го губат централниот дел, а кај повеќето castelum гратчиња и castelum стражи кулите и портите добиваат нови форми.

Во Брегалничкиот басен досега се познати следните утврдувања: Буковиќ – Пехчево (vici murati), Селиште – Пехчево (oppidum), Градиште – Берово (speculae), Градиште село Владимирово – Берово (speculae), Материца село Владимирово – Берово (speculae), Градиште 1 село Двориште – Берово (speculae), Градиште 2 село Двориште – Берово (speculae), Градиште село Мачево – Берово (speculae), Цуцуло село Мачево –Берово (oppidum), Градиште село Панчарево – Берово (speculae), Градиште 2 село Ратево –Берово (vici

[5] Иван Микулчиќ, *Антички градови ...*, 296.

[6] *Истото*, 297.

murati), Градиште 1 село Ратево – Берово (speculae), Градиште село Русиново – Берово (speculae), Прекинато Градиште село Вирче – Делчево (oppidum), Градо село Град – Делчево (vici murati), Градиште село Габрово – Делчево (refugia), Градиште –Делчево (speculae), Градиште 1 село Драмче – Делчево (vici murati), Мало Градиште село Ѕвегор – Делчево (speculae), Големо Градиште село Ѕвегор – Делчево (vici murati), Пресечен Камен – Градиште село Очипала – Делчево (oppidum), Ошљан Град село Разловци – Делчево (oppidum), Градиште село Разловци – Делчево (refugia), Даутов Чукар село Стар Истевник – Делчево (oppidum), Градиште (Голак) село Тработивиште – Делчево (vici murati), Градиште село Тработивиште – Делчево (oppidum), Калата село Дулица – Македонска Каменица (vici murati), Градиште село Косевица – Македонска Каменица (speculae), Градиште село Моштица – Македонска Каменица (oppidum), Градиште село Саса – Македонска Каменица (speculae), Виничко Кале – Виница (oppidum), Самовилец село Грљани – Виница (speculae), Кале село Истибања – Виница (oppidum), Бигланско Градиште село Лаки – Виница (oppidum), Градиште село Лаки – Виница (oppidum), Грамади село Бања – Кочани (speculae), Тркањски рид село Бања – Кочани (speculae), Турски Гробишта село Бања – Кочани (speculae), Тодорица село Бели – Кочани (refugia), Градиште село Бели – Кочани (oppidum), Мировница село Горно Градче – Кочани (speculae), Горно Градиште село Долно Гратче – Кочани (oppidum), Долно Градиште село Долно Гратче – Кочани (oppidum), Патилаво село Зрновци – Кочани (speculae), Градиште село Јатребник – Кочани (speculae), Шилести Рид – Кочани (speculae), Градиште село Кучичино – Кочани (speculae), Градиште село Мородвис – Кочани (oppidum), Градиште село Нивичани – Кочани (refugia), „Св.Спас“ Рамно Брдо село Полаки – Кочани (speculae), Градиште село Соколарци – Кочани (refugia), Манастир село Соколарци – Кочани (vici murati), Црвен Камен село Теранци – Кочани (speculae), Градиште село Горни Балван – Штип (oppidum), Лозен село Горни Балван – Штип (speculae), Кале Градиште – Баргала село Горни Козјак – Штип (oppidum-civitas), Градиште Шаренковец село Горно Трогерци – Штип (speculae), Кале Градиште село Долани – Штип (oppidum), Бандера село Долни Козјак – Штип (oppidum), Градиште село Драгоево – Штип (speculae), Кула село Калаузлија – Штип (speculae), Градиште село Криви Дол – Штип (oppidum), Градиште – Чука село Пиперово – Штип (oppidum), Бавчи село Пухче – Штип (speculae), Кала (Коџоман Кааси) село Пухче – Штип (speculae), Солунски Рид село Судиќ – Штип (speculae), Караул село Горобинци – Свети Николе (oppidum), Мамутница село Горобинци – Свети Николе (oppidum), Градиште село Горно Ѓурѓанце – Свети Николе (speculae), Градиште село Долно Ѓуѓанце – Свети Николе (oppidum) и Градиште село Трстеник –Свети Николе (vici murati).

Утврденото село Буковиќ кое се наоѓа на 3 км источно од Пехчево располагало со одбранбен ѕид и порта. Ваквата одбрана се должела на неговата местоположба која била на една височинка со зарамнето плато, како и на видот на кој припаѓа.

Локацијата на Селиште, која е на 5 км североисточно од Пехчево, на висок рид со зарамнето плато, пред сè му овозможувала природна одбрана.

Но како castelum гратче располагало со одбранбени елементи од кои според досегашните истражувања е потврден само одбранбениот ѕид.[7]

Castelum стражата Градиште се наоѓала на 7 км од Берово на позиција која имала природна одбранбена поставеност. Сместена на рид кој се издига високо над левиот брег на река Брегалница имала одбранбен ѕид и порта. Сѐ уште не се откриени остатоци од одбранбени елементи кај ова утврдување.

И кај стражите Градиште и Материца кои се наоѓаат на висок рид во близина на село Владимирово засега е констастиран само одбранбен ѕид.

Градиште 1 и Градиште 2 се доцноантички стражи кои се лоцирани на зарамнето плато на ридови во околината на село Двориште. Кај нив како одбранбен елемент е забележан ѕидот.

Доминантната положба над теренот околу стражата Градиште лоцирана на 7 км од село Мачево му овозможувала предност во делот на одбраната. Благодарение на одбранбениот ѕид кој опкружувал површина од 1 хектар на зарамнето плато на висок рид на левиот брег на река Каменица ова утврдување ги одбивало непријателските напади.

Цуцулот како утврден град е сместен на 2 км северно до селото Мачево на еден висок рид. Кај него досега во истражувањата е потврден само одбранбениот ѕид.

На 2 км јужно од селото Панчарево на висок рид се наоѓа стражата Градиште. На самиот врв од ридот се откриени одбранбените ѕидови на ова утврдување.[8]

Стражата Градиште 1 и утврденото село Градиште 2 се лоцирани кај село Ратево. Првото утврдување е со местоположба на висок рид, додека второто се наоѓа на ниска чука. И кај двете како одбранбен елемент е присутен ѕидот.

Во близина на село Русиново на 3 км источно од Џами Тепе е сместено утврдувањето Градиште. На зарамнето плато на висок рид е забележан одбранбениот ѕид на оваа стража и истиот заградил површина од околу 0,5 хектари.[9]

Утврдувањето Прекинато Градиште се наоѓа на околу 2,5 км источно од селото Вирче на висок рид со доминантна положба. Неговите одбранбени ѕидови биле поставени на зарамнето плато на врвот на ридот. Покрај одбранбениот ѕид ова castel-гратче располагало и со кула и порта (Пл.2).[10]

Градо претставувал утврдено село лоцирано на висок рид со доминантна положба, на североисточниот раб на селото Град (Сл.1). Според досегашните истражувања кај ова утврдување се констатирани следните одбранбени елементи: одбранбен ѕид, порта, акропол и кула.

Castelum стражата Градиште е со местоположба на зарамнето плато на висок рид кој се наоѓа на 2 км североисточно од село Габрово. Покрај одбранбените ѕидови кај Градиште сѐ уште не се откриени други одбранбени елементи.

---

[7] Трајче Нацев, *Антиката во…., 114.*

[8] *Истото,* 111.

[9] *Истото,* 118.

[10] Ivan Mikulcik, *Spätantike und frühbyzantinische Befestigungen in Nordmakedonien*, Munchen, 2002, 221.

Лоцирана на 2 км јужно од Делчево се наоѓа стражата Градиште. Таа за заштита од непријателски напади имала одбранбен ѕид со кула.[11]

На врвот на висок рид меѓу маалата Ваканица и Илиовица во селото Драмче е сместено утврденото село Градиште 1. Кај ова утврдување откриени се одбранбен ѕид, кули и ров (Пл.3).[12]

Мало и Големо Градиште се утврдувања кои се наоѓаат во околината на село Ѕвегор. На 500 м источно од селото, на зарамнето плато на висок рид е забележан одбранбен ѕид на стражата Мало Градиште. Кај утврденото село Големо Градиште кое е лоцирано на рид на 4 км источно од Ѕвегор пак имало одбранбен ѕид и кули.

Локацијата на castelum гратчето Пресечен Камен – Градиште е на зарамнет врв на висок рид кој се наоѓа на десниот брег на река Брегалница, на местото каде ја напушта долината на Пијанец. Утврдувањето располагало со одбранбен ѕид и кули.[13]

Во околината на селото Разловци се сместени castelum гратчето Ошљан Град и збегот Градиште. И кај двата вида на утврдување досега е откриен само одбранбен ѕид.

Даутов Чукар се наоѓа на местото каде што главниот пат Делчево – Пехчево се издвојува од патот кон село Истевник, на висок рид со доминантна положба над околината. Castelum гратчето имало одбранбен ѕид чие опкружување зафаќало површина од околу 0,5 хектари.[14]

Утврдувањата Градиште (Голак) и Градиште се лоцирани во околината на село Трботивиште. Првото кое било утврдено село имало одбранбени ѕидови кои зафаќале површина од околу 2 до 3 хектари. Кај второто утврдување (castelum гратче) за одбрана од непријателски напади е забележано дека се користело одбранбен ѕид и кули.

На висок рид со доминантна положба кој се наоѓа кај утоката на Каменица во Брегалница е сместено утврденото село Калата. Како одбранбени елементи кои ги користело ова утврдување засега се откриени само кули и одбранбен ѕид.[15]

Стражата Градиште е сместена на висок рид над едно маало во село Косевица, познато како Паровско. Одбранбениот ѕид на кој имало кула опкружувал површина од околу 1 хектар.[16]

Со површина од околу 1 хектар, на левиот брег на Камненичка Река, до утоката од долот Моштеница, на едно зарамнето плато се наоѓа утврдувањето Градиште. Ова castelum гратче имало одбранбен ѕид со кули.

Местоположбата на утврдувањето Градиште е на 2 км од маалото Капетановци, село Саса на висок рид со зарамнето плато. Кај оваа castelum стража освен одбранбениот ѕид досега не се констатирани други одбранбени елементи.

[11] *Истото,* 205.

[12] Иван Микулчиќ, *Антички градови ...*, 371.

[13] Ivan Mikulcik, *Spätantike und frühbyzantinische...,* 218.

[14] Трајче Нацев, *Антиката во....,* 161 и 162.

[15] Ivan Mikulcik, *Spätantike und frühbyzantinische...,* 210.

[16] Трајче Нацев, *Антиката во....,* 150; Ivan Mikulcik, *Spätantike und frühbyzantinische...,* 215.

Виничкото Кале кое претставувало castelum гратче е сместено во југозападната периферија на Виница. Утврдувањето имало одбранбен ѕид, кули, куртина и порта (Сл.2).

Во околината на село Грљани, поточно на 400 м јужно од маалото Маниловци на зарамнето плато на висок рид се наоѓа одбранбениот ѕид на стражата Самовилец. Покрај овој одбранбен елемент до денес не е забележано постоење на други видови одбранбени елементи.

Кај castelum гратчето Кале кое се наоѓа на 2 км североисточно од селото Истибање забележан е одбранбен ѕид чија широчина на темелите изнесувала до 1,4 м.[17]

Утврдувањето Бигланско Градиште е лоцирано на 4 км југоисточно од селото Лаки, од десната страна на патот Виница – Берово. Одбранбениот ѕид на castelum гратчето зафаќал површина од околу 1,5 хектари, а за зајакнување на неговата одбрана имало и ров (фоса). На 5 км западно од истоименото село на висок рид со доминантна положба пак е сместено castelum гратчето Градиште кое имало помала површина. Одбранбените ѕидови на ова утврдување зафаќале простор од околу 0,2 до 0,3 хектари.

Грамади, Тркањски Рид и Турски Гробишта претставувале стражи кои се наоѓале во атарот на селото Бања. Досега кај овие утврдувања како одбранбен елемент е откриен само одбранбен ѕид.

Одбранбен ѕид е забележан кај збегот Тодорица кој се наоѓа на 1 км северозападно од селото Бели. Во близина на истото село, на 2 км северно од него е лоцирано castelum гратчето Градиште. И ова утврдување го имало истиот одбранбен елемент како и Тодорица.

Стражата Мировница е сместена во близина на селото Горно Гратче. Нејзиниот одбранбен ѕид опкружувал површина од околу 1 хектар.

Кај селото Долно Гратче се лоцирани castelum гратчињата Горно и Долно Градиште. Местоположбата на првото утврдување е на левата страна од утоката на Голема Река во езерото Гратче на висок рид, додека на второто е кај утоката на Мала и Голема Река во езерото Гратче исто така на висок рид. И кај двете утврдувања досега од одбранбени елементи се констатирани одбранбен ѕид, акропола и кули.[18]

На едно зарамнето плато на висок рид кој се издига над селто Зрновци се наоѓа утврдувањето Патилаво. Оваа стража која била со површина од околу 1 хектар имала одбранбен ѕид.

Лоцирана на десниот брег на Голема Река, во планински предел, на висок рид во близина на селото Јастребник е сместена стражата Градиште. Утврдувањето од непријателски напади се бранело со одбранбен ѕид кој затворал простор од околу 3 декари.

Утврдувањето Шилест Рид е лоцирано на западната периферија од градот на доминантен рид над десниот брег на Кочанска Река. Одбранбените ѕидови

---

[17] Трајче Нацев, *Антиката во....,* 181.

[18] Трајче Нацев, *Антиката во....,* 210 и 211; Звонимир Николовски, *Антика во североисточна Македонија: населби, утврдувања, патни комуникации*, Куманово, 2013, 136–138.

формирале простор со димензии 120 x 50 метри (0,6 хектари) и истите биле зајакнати со кула.[19]

Градиште се наоѓа на 3 км јужно до селото Кучичино на еден висок рид со доминантна положба. Досега во истражувањата кај оваа стража како одбранбен елемент потврден е само одбранбениот ѕид.

Во јужниот дел на селото Мородвис е сместено castelum гратчето Градиште. Покрај одбранбениот ѕид ова утврдување имало акропола и кули.

Збегот Градиште кој се наоѓа на северниот раб на селото Нивичани, на висок рид со доминантна положба, претставувал утврдување чии одбранбени ѕидови зафаќале површина од околу 0,7 хектари.

На висок рид кај утоката на долот Лиса во Беровска Река, во близина на селото Полаки, се наоѓа утврдувањето „Св.Спас“ Рамно Брдо. Одбранбените ѕидови кај оваа стража засега се единствени откриени одбранбени елементи.

Утврдувањата Градиште и Манастир се лоцирани во околината на село Соколарци. Првото било збег и имало одбранбени ѕидови кои зафаќале површина од околу 1,5 хектар, додека второто кое претставувало утврдено село имало површина од околу 2 хектари. Двете утврдувања за одбрана од непријателски напади имале одбранбен ѕид и кули.

Местоположбата на утврдувањето Црвен Камен е на 3,5 км југоисточно од селото Теранци, а на 1,5 км југозападно од селото Видовиште (воздушна линија) во подножјето на планината Плачковица кај м.в. Рамни Ниви.[20] Освен одбранбениот ѕид кај оваа castelum стража досега не се констатирани други одбранбени елементи.

Кај селото Горни Балван се лоцирани утврдувањата Градиште и Лозен. Градиште претставувало castelum гратче кое се наоѓа југозападно до селото, поточно на тромеѓето меѓу селата Горно Трогерци, Батања и Горни Балван. Утврдувањето се наоѓало на висок рид и имало доминатна положба над околината, и врз основа на досегашните истражувања тоа располагало со акропола и одбранбен ѕид. Лозен пак било стража чија местоположба била на 2 км од селото Горни Балван, од левата страна на асфалтниот пат од Горни Балван за Долни Балван. И ова утврдување било сместено на висок рид, а кај него досега од одбранбени елементи познати се само кула и одбранбен ѕид.

Кале Градиште – Баргала се наоѓа во подножјето на планината Плачковица, на десниот брег на Козјачка Река во близина на селото Горни Козјак. Ова castelum гратче кое подоцна ќе премине во civitas[21] имало повеќе одбранбени елементи. Сите тие овозможувале поефикасна одбрана на ова утврдување. Одбранбени елементи кои ги имала Баргала биле следните: одбранбен ѕид, куртина, кули, протеихизма, порти, внатрешен и надворешен пропугнакулум, скали (Сл.3), ниши (Сл.4), ров (фоса).[22]

---

[19] Звонимир Николовски, *Антика во...*, 138 и 139.

[20] Трајче Нацев, *Антиката во….,* 230.

[21] Баргала кон крајот на IV и почетокот на V век се населува со цивили од околината набргу по повлекувањето на војската. Така, од воено утврдување продолжува да егзистира како неутврден цивилен град под надлежност на цивилната управа.

[22] Трајче Нацев*, Доцноантичкиот град...*,41–61.

Стражата Градиште – Шаренковец е сместена на висок рид кој се наоѓа на северниот раб на селото Горно Трогерци. На ридот се откриени одбранбените ѕидови на ова утврдување.

На 1,5 км јужно од селото Долани на зарамнето плато на врв на рид се наоѓа castelum гратчето Кале – Градиште. Неговите одбранбени ѕидови кои биле зајакнати со кула затворале површина од околу 2,5 хектари.

Утврдувањето Бандера е со местоположба на еден висок рид кој се издига над селото Долни Козјак. Кај ова castelum гратче, досега во истражувањата, како одбранбен елемент потврден е само одбранбениот ѕид.

Лоцирана на 3,5 км јужно од селото Драгоево на еден од ридовите на планината Серта е сместена стражата Градиште. Таа за одбрана од непријателски напади имала одбранбен ѕид.

Во близина на селото Калаузлија, поточно на 2 км јужно од него на зарамнето плато на врв на рид се наоѓа стражата Кула. Нејзини досегашни откриени одбранбени елементи се кули и одбранбен ѕид. Ова утврдување влегувало во системот на одбрана на градот Баргала.

Castelum гратчето Градиште е со местоположба на еден висок рид во близина на селото Криви Дол. Неговиот одбранбен ѕид опкружувал површина од околу 2 – 3 хектари.

Сместено на едно зарамнето плато на западниот крај на селто Пиперово се наоѓа утврдувањето Градиште – Чука. Одбранбените ѕидови кај ова castelum гратче засега се единствени откриени одбранбени елементи.

Бавчи и Кала (Коџоман Кааси) се стражи сместени во атарот на село Пухче. Кај првото утврдување одбранбените ѕидови се забележани на зарамнето плато на еден од ридовите на Серта во м.в. Бавчи, додека кај второто тие се исто така на зарамнето плато на околу 600 м западно од селото.

На североисточната страна на селото Судиќ се наоѓа стражата Солунски Рид. Нејзините одбранбени ѕидови затворале површина од околу 1,5 хектар.

Утврдувањата Караул и Мамутница се лоцирани во околината на селото Горобинци. Кај овие castelum гратчиња како одбранбен елемент е откриен само одбранбениот ѕид.

Стражата Градиште е сместена на висок рид на 2 км западно од селото Горно Ѓуѓанце. За одбрана од непријателски напади ова утврдување имало одбранбен ѕид.

Од јужниот крај на селото Долно Ѓуѓанце се издига висок рид на кој се наоѓа castelum гратчето Градиште.[23] Одбранбените ѕидови на ова утврдување зафаќале површина од околу 4 хектари.

Местоположбата на утврдувањето Градиште е на 3 км западно од селото Трстеник и околу 1,3 км јужно од манастирот Ѓуруште. Освен одбранбениот ѕид, кај ова утврдено село досега не се констатирани други одбранбени елементи.

Доцната антика претставува период во кој одбраната добива нов момент. Иако во најголем дел нејзините цели, задачи, форма и облик не биле различни од раноантичките, сепак има нови сегменти кои придонеле таа да биде подобра и поефикасна во справувањето со тогашните актуелни опасности.

[23] Трајче Нацев, *Антиката во….,* 308.

За тоа најмногу придонеле градежните техники и одбранбените елементи кои се применувале односно биле присутни кај доцноантичките утврдувања. Така првите доброизградени утврдувања во Римското Царство се појавиле во раниот 4 век, со тоа што некои од нив поради големата ефикасност за одбрана покрај во доцната антика се користеле и во раниот среден век. Се разбира дека ваквите новини во одбраната биле присутни и во Брегалничкиот басен како дел од Царството.

Начинот и видот на утврдувањето на населените места во Брегалничкиот басен во доцноантичкиот период пред сè зависеле од нивните општествени, воени, економски и духовни карактеристики. Оттука се и четирите видови утврдувања кои ги споменавме на почетокот на текстот. Нивната одбрана преку одбранбените елементи се карактеризирала и зајакнувала. Castelum гратчињата имале редовно кули, а на највисоката позиција се издвојувала акрополата со одбранбени ѕидови, но имало и такви со повеќе одбранбени елементи. Исто и кај castelum стражите, покрај силните одбранбени ѕидови кои најчесто имале и по една одбранбена кула постоеле и такви каде присутни биле и други елементи. Со исклучок на некои збегови и утврдени села, останатите имале само одбранбените ѕидини. Овие согледувања се врз основа на досегашните истражувања и реконструкции изведени на доцноантичките утврдувања во Брегалничкиот басен. Секако се остава простор во иднина, доколку има нови откритија и сознанија во делот на одбраната, да дојде и до промена на видот и бројот на одбранбени елементи.

Но независно од сето ова, може да се каже дека одбранбените елементи кај доцноантичките утврдувања во Брегалничкиот басен на населението и материјалните добра им овозможувале поголема одбрана, заштита и сигурност од непријателските напади.